| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, ЗА ИЗГРАДБА НА Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА, ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА, ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА НА БИОГАС И СООБРАЌАЈНО РЕГУЛИРАЊЕ НА КРСТОСНИЦАТА СО РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1107, место викано ДУЈ ГАС, КО НОВО ЛАГОВО, ОПШТИНА ПРИЛЕП |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДООЕЛ „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ПРИЛЕП |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Марија Јанкулоска, дипл.инж.арх.<br>број на овластување 0.0431 |
| **Назив на работното место** | Архитект-овластен планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Адреса: „Андон Слабејко бр.52“<br>тел. за контакт: 048/410-836 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Донесувањето на планскиот документ за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, ЗА ИЗГРАДБА НА Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА, ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА, ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА НА БИОГАС И СООБРАЌАЈНО РЕГУЛИРАЊЕ НА КРСТОСНИЦАТА СО РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1107, место викано ДУЈ ГАС, КО НОВО ЛАГОВО, ОПШТИНА ПРИЛЕП, изработена од страна на ДООЕЛ „ПЕРКАН ПРОЕКТ" Прилеп, ПЕРКАН ПРОЕКТ ДООЕЛ ПРИЛЕП, се изработува согласно:<br>-Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18), член 26, став 1 и став 4.<br>-Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18) и<br>-Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ, бр.142/15);<br>-Друга релевантна законска и подзаконска регулатива. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |
| Не |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

Планот, кој е основен развоен документ, има крајна цел преку:
вградување заштитни мерки, почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето, предвидување мерки за заштита на животната средина, особено превенција и спречување на негативни влијанија врз животната и работна средина,
-да ги утврди параметрите кои се потребни за издавање на одобрение за градба, при реализација на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, ЗА ИЗГРАДБА НА Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА, ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА, ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА НА БИОГАС И СООБРАЌАЈНО РЕГУЛИРАЊЕ НА КРСТОСНИЦАТА СО РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1107, место викано ДУЈ ГАС, КО НОВО ЛАГОВО, ОПШТИНА ПРИЛЕП.
Реализацијата на предвидениот УПВНМ, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори.

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Просторно и урбанистичко планирање на просторот

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање за УПВНМ нема одреден период за донесување на планскиот документ.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање за УПВНМ нема предвидено ревидирање на планскиот документ.

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**



Површината на планскиот опфат изнесува ~7.5ha.

Описот на планскиот опфат почнува од север и се движи кон исток во насока на стрелките на часовникот. На северната страна се наоѓа регионалниот пат Р1107, на исток планскиот опфат граничи со КП 353/2, КП 354/1, КП 396/8-дел, КП 213, КП214, КП 210, на југ граничи со КП 400, на запад граничи со КП 201, КП 200, КП 206, КП 396/8-дел, КП 234-дел, КП 233-дел, КП 232/1-дел.

Планскиот опфат е лоциран на ~6.5км од центарот на градот Прилеп. Планскиот опфат преку новопланираната крстосница ќе се поврзува со регионалниот пат Р1107(Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово (врска со А3)), а преку него со останатата патна мрежа во државата.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☐
Не☒

**Дали е приложена копија од целите?**

Да☐
Не☒

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ:**
Од реализација на планските содржини, во градежната фаза, се очекуваат емисии на прашина и издувни гасови поради користење на механизација и транспортни активности, како и изведување на земјени работи. Се очекува генерирање на зголемени нивоа на бучава и вибрации од градежната механизација. Изградбата на планските содржини може да има влијание врз квалитетот почвата, подземните води и повремените површински водотеци низ планскиот опфат, поради земјените активности, генерирање на санитарни отпадни води, генерирање на отпад.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на предвидените објекти во планскиот опфат се очекува да предизвикаат долгорочни позитивни влијанија од социоекономски аспект.<br>Во фазата на реализација на планските содржини, ќе се генерираат емисии од градежните активности и механизацијата и тоа во воздухот, почвата и водите. Исто така ќе се генерира зголемено количество отпад (главно градежен шут, земја, отпад од пакувања и вишок на употребени материјали), бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои доколку не се соодветно управувани, може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите на животната средина, биолошката разновидност, пределот и здравјето на луѓето. Зголемена фреквенција на возила по сообраќајниците која може да предизвика негативни влијанија врз корисниците на патот и локалното население. Овие можни влијанија се оценуваат како сигурни и можни, локални, краткорочни, повратни/неповратни и со мал до среден интензитет.<br>Влијанијата во оперативната фаза се оценуваат како можни негативни, локални, повратни/неповратни и долгорочни влијанија, со мал до среден интензитет. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во градежната фаза можни се незначителни кумулативни влијанија како резултат на користење на регионалниот и локалниот пат за пристап до опфатот, поточно како резултат на генерирање на емисии на прашина, издувни гасови и бучава. Сепак треба да се земе во предвид дека е мал бројот на возила кои се движат долж сообраќајниците и подрачјето не е густо населено. |

| | |
|---|---|
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој урбанистички план не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Реализацијата на предвидениот Урбанистички план за вон населено место за изградба на Е2-комунална супраструктура – термоелектроцентрала на биогас и сообраќајно регулирање на крстосницата со регионален пат Р1107, место викано Дуј Гас, КО Ново Лагово, Општина Прилеп на површина од 7,51 ha, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори. Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 7,51 ha за стопанска намена.<br>Порастот на животниот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот. Во тој контекст оваа инцијатива за изработка на Урбанистички план за вон населено место за изградба на Е2-комунална супраструктура – термоелектроцентрала на биогас и сообраќајно регулирање на крстосницата со регионален пат Р1107, место викано Дуј Гас, КО Ново Лагово, Општина Прилеп, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република Македонија, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, стимулирање на развојот на останатите дејности, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | **Допис податоци и нформации од Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство бр.17-3225/2 од 07.10.2019 год.**<br>Во доставата на податоци од Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство бр.17-3225/2 од 07.10.2019 год констатирано е дека на подрачјето на планскиот опфат не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се пртпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Во рамките на планскиот опфат не се изведуваат активности кои предизвикуваат надминување на стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности. |

| | |
|---|---|
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Се работи за градежно земјиште со намена<br>-група на класи на намени: Е – Инфраструктура<br>-основна класа на намена: Е1-Комунална инфраструктура, крстосница со влезно – излезни ленти на регионален пат Р1107 - Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово (врска со А3)<br>-основна класа на намена: Е2-Комунална супраструктура, градби за производство на енергија, термоелектоцентрала на биогас |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

За содржините предвидени во планскиот опфат доколку се утврди потреба , на ниво на проектна документација може да се изработува Елаборат за заштита на животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот опфат е лоциран на ~6.5км југо западно од центарот на градот Прилеп. Планскиот опфат преку новопланираната крстосница ќе се поврзува со регионалниот пат Р1107(Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово (врска со А3)), а преку него со останатата патна мрежа во државата.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Имплементацијата на планскиот документ е од особена важност, бидејќи со истиот ќе се обезбеди повисока организација и инфраструктурна опременост на просторот и предвидување на мерки за подобрување на заштитата на животната средина .

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Имплементација на планските содржини ќе овозможи поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во градот Прилеп како и населените места во околината. Стимулирање на развојот во помалите населени места, поефикасно снабдување на руралните населби со електрична енергија , што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Планскиот документ ќе предизвика зафаќање на земјоделско земјиште и негово трансформирање во градежно, а со тоа и ограничување во идното користење на земјиштето.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

- Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко,планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкопланирање. Површината на планскиот опфат изнесува 7,5 ha.

Планскиот документ е поврзан со Просторниот план на Република Македонија (2004 – 2020);

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот плански опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот., заштита на биолошката разновидност, заштита на водите и почвата од несакани загадувања и сл.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник на Општина Прилеп<br><br>Илија Јованоски |
| **Датум: 20.02.2020 година**<br>**Место:** Прилеп | Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп<br>М.П. |